СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
СЗПМ
Бр. 03-02/69
20.02 2020 год.
СКОПЈЕ

Здружение на општини-ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РМ - ЗЕЛС
Бр. 0307-101
28.01. 2020 год.
СКОПЈЕ

Заради заштита и унапредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување
Создавање на соодветни предуслови за соработка меѓу здруженијата на пензионери и единиците на локалната самоуправа;
Создавање на услови за примена на форми и механизми за подобрување на квалитетот на животот и подобрување на функционирање на здруженијата на пензионери;
Заради обезбедување на вклученост на претставници од здруженијата на пензионери во непосредно учество за работи од локално значење, особено во делот на идентификација на проблемите и заеднички пристап во нивното решавање;
Со заложба за понатамошно развивање и подигнување на степенот на соработка во иднина.

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**28 јануари 2020 година, Скопје**

**склучен помеѓу:**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.С.М - ЗЕЛС, претставувана од Претседателот Петре Шилегов**
**и**
**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија – СЗПМ, претставуван од Претседателот Станка Трајкова**

Член 1

Предмет на овој Мемрандум е уредување на соработката на Сојуз на здруженија на пензионерите на Македонија – СЗПМ и Заедница на единиците на локалната самоуправа на Р.С.М - ЗЕЛС со цел утврдување на заеднички иницијативи за реализација на заложбите опишани во преамбулата на овој Меморандум.

Член 2

Со овој Меморандум во рамките на заложбите истакнати во преамбулата на овој Документ двете страни се обврзуваат да го реализираат следното:

**СЗПМ СЕ ОБВРЗУВА:**

- Да ги координира своите членки во насока на усогласување на потребите и иницијативите опфатени со овој Меморамдум;

- Да го следи спроведувањето на активностите и да предлага методи и механизми за ефикасна реализација на формите за соработка;

**- Да ги потикнува здруженијата на пензионери во општините да соработуваат со единиците на локална самоуправа во изготвување на програми и проекти за обезбедување на средства од европските фондови;**

**- Да поддржува инклузивни активности за заштита на старите лица, унапредување на чиста животна средина во активности организирани од општината;**

- Да превзема конкретни планови и активности и проекти како мехнизам на реализација и соработка во рамките на целите и задачите утврдени во соработка со своите членки.

**ЗЕЛС СЕ ОБВРЗУВА:**

-Да доставува препораки до своите членки-општините за заклучоците утврдени во рамките на формата за соработка;

- Да иницира формирање на заедничко работно тело составено од претставници на ЗЕЛС и СЗПМ врз осова на паритетна основа за следење на започнатите активности;

- Да доставува препораки до своите членки-општините да склучат поединечни спогодби за соработка со Здуженијата на пензинери на соодветнта општина – членки на Сојузот во рамките на која ќе се врши планирање на взаемните активности како и изготвување на програма за изградба на старски домови, клубови за престој на пензионери и обезбедување на работни простории и канцеларии за потребите на ограноците;

- ЗЕЛС ќе се залага за општините да остварат тесна соработка со Здруженијата на пензионери и взаемно да ги координираат активностите во насока на обезбедување на евиденција на кроисниците на пензија кои имаат потреба од помош во набавка на лекови, медицинска помош, како и нивна директна помош во зависност од средствата со кои располага општината;

**-Ќе иницира и ќе доставува препораки до општините за исполнување на нивните надлежности согласно член 22 од Законот за Локална самоуправа- а поврзани со активностите и потребите на пензионерските организации, членки на овој Сојуз;**

**- Ќе иницира предлог до општините да даваат поддршка на културните манифестации што ги организираат СЗПМ и здруженијата на кои се негува фолклорот, обичаите и потикнување и развој на специфични форми на творештво;**

**-Ќе дава препораки општините да обезбедат поддршка на спортот и рекреацијата како масовен спорт организиран од СЗПМ и здруженијата и рекреативни активности на спотрски приредби и манифестации;**

-Во рамките на институционалното јакнење на органите и телата на општините да доставува препораки за обезбедување на висок степен на вклученост на здруженијата на пензионери во работните тела и органи на општините во рамките на дускусиите за решавање на отворените прашања во интерес на корисниците на пензија и останатите прашања во интерес на граѓаните;

-Ќе се залага за обезбедување на предуслови за културно и спортско изразување на членовите на здруженијата преку вклучување во разни манифестации во зависност од интересот ( хор, литература, изложби,спортски игри и.т.н);

Член 3

Содржината на овој Меморандум може да се менува само со писмена согласност на страните потписнички.

Член 4

**Потписниците на овој Меморандум треба да ги запознаат членките на СЗПМ (здруженијата на пензионери) и ЗЕЛС (општините)**

Член 5

**Со потпишувањето на овој Меморандум престанува да важи Меморандумот за соработка меѓу СЗПМ и ЗЕЛС број 0307- 552 од 9.5.2008 година**

Член 6

Овој Меморандум влегува во сила од денот на неговото потпишување

Страни потписничи на овој Меморандум:

**Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија**
**Претседател**
**Станка Трајкова**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа**
**Претседател**
**Петре Шлегов**